Јавна установа
Institucioni publiq
Градска библиотека "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"
Biblioteka e qytetit "VELLEZERIT MILADINOV"
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër 01-947/1
Дата/data 06.12.2022

ЈАВНА УСТАНОВА ГРАДСКА
БИБЛИОТЕКА " БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ " СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

## НА ЈАВНА УСТАНОВА ГРАДСКА
## БИБЛИОТЕКА " БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ " СКОПЈЕ
## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 став 2 и 3 и член 13 став 3 од Законот за библиотеките („Службен весник на РМ" бр. 66/04), Управниот одбор на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци" - Скопје Република Северна Македонија на седницата одржана на 29.11.2022 година, го утврди пречистениот текст на Статутот на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци" - Скопје Република Северна Македонија.

Пречистениот текст на Статутот на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје Република Северна Македонија ги опфаќа : Статутот бр.01 – 162 од 04.04.2006 година, Статутарните одлуки бр.01 – 270 од 28.03.2012 година, бр.02 – 77/5 од 08.04.2018 година, бр.02 – 265/3 од 20.03.2019 година и бр.02 – 652/7 од 13.10.2022 година

# *С Т А Т У Т*

на
Јавната установа Градска библиотека
„Браќа Миладиновци" - Скопје,
Република Северна Македонија
(пречистен текст)

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со Статутот на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци"- Скопје, Република Северна Македонија(во понатамошниот текст: Установата), поблиску се утврдуваат организацијата и начинот на вршење на дејноста, називот, седиштето, управувањето, раководењето, контролата, правата и обврските на корисниците на јавната услуга, постапката за донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите акти на Установата, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Установата.

**Член 2**

Основач на Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци" - Скопје Република Северна Македонија,е Град Скопје, согласно Одлуката за преземање на основачки права на организации од областа на културата бр. 09-214/1 од 30.01.2004 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.1/04), донесена од Советот на Град Скопје и Договорот за пренесување на недвижните ствари, опремата, вработените и други средства за работа од Република Македонија на Градот Скопје, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Град Скопје, заведен кај Министерството за култура под бр.02-5139/1 од 19.08.2005 година и кај Градот Скопје под бр.08-2308/1 од 19.08.2005 година.

**Член 3**

Во работењето на Установата, службени јазици се македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, и албанскиот јазик и неговото писмо, како јазик и писмо, што го користат граѓаните како припадници на заедницата која со над 20% учествува во вкупниот број жители на Град Скопје.

## II. Назив и седиште

**Член 4**

Називот на Установата гласи:

- Јавна установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје, Република Северна Македонија;
- Institucioni publik Biblioteka e qytetit “Vëllezërit Milladinov”
- Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut.

Скратениот назив на Установата гласи:

- ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје;
- IP Biblioteka e qytetit “Vëllezërit Milladinov”– Shkup.

Седиштето на Установата е во Скопје, на ул. “Партизански одреди” бр. 22.

## III. Печат и штембил

**Член 5**

Установата има печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 40 мм, во кој во горниот дел е впишан текстот: Јавна установа Градска библиотека Браќа Миладиновци - Скопје, Република Северна Македонија, а во долниот дел е впишан текстот: Institucioni publik Biblioteka e qytetit “Vëllez ërit Milladinov” – Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut.

Во средината на печатот е содржан грбот на Република Северна Македонија.

Штембилот има форма на правоаголник со димензии 65 x 40 мм и на него е впишан текстот:

Јавна установа
Institucioni publiq
Градска библиотека „БраќаМиладиновци“
Biblioteka e qytetit “Vëllezërit Milladinov”
Скопје, Република Северна Македонија.
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër ________________
Дата/data ________________

**Член 6**

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот на Установата се регулира со одлука на директорот согласно Законот.

## IV. Дејност на Установата

**Член 7**

Установата врши дејност од областа на културата како дејност од јавен интерес со непрофитна цел.

**Член 8**

Во правниот промет и во односите со трети лица Установата истапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во Централниот регистар.

За обврските спрема трети лица преземени во свое име и за своја сметка, Установата одговара со своите средства подобни за извршување.

**Член 9**

Основната дејност на Установата е: под шифра 91.01 Дејност на библиотеките и архивите.

Заради остварување на својата дејност Установата ги врши следните активности:

- Набавува, чува, стручно обработува, заштитува и дава на користење во читалните и домовите на корисниците библиотечен матерјал;
- Врши библиографско-информативна и документарна дејност (роднокрајна библиографија, персонална библиографија, анотирана библиографија, библиографија на одредена тема и др.);
- Врши размена и позајмување на библиотечен материјал со други библиотеки и институции;
- Го популаризира библиотечниот матерјал преку изложби, литературни читања, средби со автори, предавања, прикажување филмови и на друг начин;
- Се грижи за правилно применување, осигурување и чување на заштитно-техничките мерки за библиотечниот материјал;
- Ја проучува состојбата, потребите и условите за развој на билиотекарската дејност во Скопје, како и прашањата за организацијата и унапредувањето на библиотекарството, при што дава мислење и предлози до надлежни органи и организации-установи;
- Врши надзор над библиотеките во работни организации, посебно на библиотеките во состав на училиштата;
- Води евиденција за библиотеките во состав на училиштата, во работните организации и заедници на подрачјето на Скопје;
- Се грижи за усовршување на библиотечните кадри;
- Организира соработка помеѓу библиотеките, особено при набавувањето, стручната обработка, позајмувањето и размената на библиотечниот матерјал;
- Разменува библиотечен материјал со други библиотеки во земјата и странство;
- Формира централен, авторски, стручен, предметен и други видови каталози;
- Издава билтен преку кој ги информира корисниците на библиотечниот матерјал за дејноста на институцијата, билтен за новонабавените книги, друг библиотечен материјал и за други прашања;
- Врши ревизија на библиотечниот фонд најмалку на пет години, заради утврдување на неговата состојба и заштита на истиот;
- Врши отпис на книги од инвентарната книга, врз основа на решение на директорот, по предходно добиена согласност од стручна комисија именувана од Управниот одбор на Библиотеката, согласно Законот за библиотеки;
- Врши и други работи што и се ставени во надлежност со закон, со овој статут и со други општи акти на Библиотеката.

**Член 10**

Покрај основната дејност, во согласност со основачот, Установата може да ја врши и следната дополнителна дејност:

- Издавање книги;
- Издавање на списанија и периодични публикации;
- Издавање на снимени медиуми;
- Друга издавачка дејност;
- Печатење не спомнато на друго место;
- Активности на подготовка на печатење;
- Репродукција на звучни записи;
- Репродукција на видео записи;
- Репродукција на компјутерски медиуми;
- Трговија на мало со книги, весници и прибор за пишување;
- Трговија на мало со половна стока во продавници ;
- Услуги на други угостителски објекти;
- Издавање на сопствен недвижен имот;
- Образование на возрасни и друго образование, неспомнато на друго место.

**Член 11**

Установата донесува развојна програма со која се утврдуваат целите и насоките на повеќегодишниот развој на дејност.

**Член 12**

Во остварувањето на дејноста, во согласност со програмата, Установата соработува со други организации, преку заедничко реализирање на одредени активности, размена на искуства и на друг начин.

## V. Организациони единици

**Член 13**

Установата го организира процесот на работењето на начин со кој се обезбедува ефикасност и квалитет во работењето.

Програмската дејност на Установата се реализира преку следните внатрешни организациони единици:

- Сектор-Библиотека „Браќа Миладиновци“ со одделенија (роднокрајно, информативно-реферално, одделение за возрасни, одделение за деца, оддление за научна литература, одделение за странска литература, електронска читална , одделение подвижна библиотека,периодика, одделение за популаризација на книгата и библиографско информативна дејност, одделение за издавачка дејност и дигитализација на книжен фонда );

-Сектор - Библиотека „Страшо Пинџур“ со одделенија ( информативно-реферално , одделенија за деца, возрасни и научна литература ).
и клонови;

- Сектор - Библиотека „Цветан Димов“ со одделенија ( информативно-реферално , одделенија за деца, возрасни и научна литература ) и клонови;

- Сектор -Библиотека „Другарче“ со одделнија ( одделенија за деца и возрасни, одделние за научна литература,одделение за набавка и обработка,информативно реферално, игротека, одделение за курсеви за странски јазици) и клонови;

- Сектор- за општи правни и материјално финансиски работи.

Внатрешните организациони единици немаат својство на правно лице.

**Член 14**

Организацијата на работите на Установата се уредува со актот за организација и систематизација на работните места.

**Член 15**

Формирањето на организациони единици, како и спојување, укинување или поделба на постојните, се врши со одлука на Управниот одбор на Установата.

## VI. Застапување и претставување

**Член 16**

Установата ја застапува и претставува директорот на Установата.

**Член 17**

Директорот може со писмено полномошно, да овласти друго лице да ја застапува и претставува Установата.

Содржината и обемот на овластувањето од став 1 на овој член го определува директорот на Установата.

**Член 18**

Застапникот е овластен во името на Установата, а во рамките на своите овластувања, да врши дејствија изречно наведени во полномошното.

## VII. Права и обврски на корисниците

**Член 19**

Секој има право под еднакви услови пристап до услугите на Установата.

Децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби плаќаат намалени цени на услугите, или се ослободени од плаќање. Управниот одбор со посебна одлука ги уредува критериумите за давање на попусти.

## VIII. Органи на Установата

**Член 20**

Органи на Установата се:

1. Управен одбор;
2. Директор ;
3. Надзорен одбор;
4. Стручен колегиум.

1. ***Управен одбор***

**Член 21**

Орган на управување на Установата е Управниот одбор.

Управниот одбор на Установата брои 5 члена од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци одобласта на културата и двајца стручни и компетентни претставници од редот на вработените во Установата.

Член 21-а

За член на Управниот одбор на Установата може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТЦ или завршен VII/1 степен образование во соодветната област;
- во моментот на именувањето со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Покрај општите услови од ставот 1 на овој член, членовите на Управниот одбор во Установата избрани од Советот на Град Скопје треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- Најмалку еден член на Управниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на културата;
- најмалку еден член на Управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финасиското работење, и
- најмалку еден член на Управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи.

**Член 21-б**

Управниот одбор има претседател кој го именува и разрешува Советот на Град Скопје.

Претседателот и членовите на Управниот одбор на Установата се именуваат врз принцип на стручност и компетентност, за време од четири години и може повторно да бидат именувани.

**Член 21-в**

За именување на членови на Управниот одбор на Установата Град Скопје распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови.

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје и на веб-страницата на Установата за која е распишан јавниот повик.“

***- надлежност на управниот одбор***

**Член 22**

Управниот одбор на Установата :

1. Донесува Статут на Установата;
2. Ги утврдува политиката и принципите за развој и работа на Установата;
3. Ги усвојува годишната сметка и извештај за работа на Установата, по предлог на директорот;
4. Дава согласност на актите за организација на работата и систематизација на работните места и актот за распределба на плати;
5. Ја донесува годишната програма за работа на Установата, по предлог на директорот;
6. Усвојува финансиски план, годишна сметка на Установата и други финансиски документи, согласно со прописите за материјално и финансиско работење;
7. Одлучува во втор степен за решенијата што ги донесува директорот;
8. Формира постојани и повремени работни тела;
9. Усвојува извештај за попис на основните средства;
10. Одлучува за отпис на побарувањата и обврските на Установата во согласност со Советот на Град Скопје;
11. Одлучува за цените на услугите во согласност со Советот на Град Скопје;
12. Донесува мерки за заштита и унапредување на животната средина;

13. Врши и други работи утврдени со Закон и Статут.

**член 22-а**

"Членовите на Управниот одбор на Установата имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуството на седници на Управниот одбор на Установата.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на Управниот одбор на Установата поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во Установата исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на Управниот одбор на Установата со одлука го утврдува Советот на Град Скопје".

**Член 23**

Установата доставува на усвојување до Градот Скопје годишна програма за работа, извештај за работа и финансиски план.

***2. Директор***

**Член 24**

Директорот е орган на раководење на Установата.

Директорот на Установата го избира и разрешува Градоначалникот на Град Скопје (во понатамошниот текст: Градоначалникот).

Директорот се избира со мандат од 4 години, со право на повторен избор.

*- надлежност на директорот*

**Член 25**

Директорот:

1. Ја води работата на Установата;
2. Ја застапува и претставува Установата;
3. Одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста;
4. Предлага на Управниот одбор годишна програма за работата на Установата;

5. Предлага донесување на акти од делокруг на Установата;
6. Донесува акти за систематизација и организација на работните места и Правилник за распределба на плати;
7. Обезбедува спроведување на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
8. Донесува акти кои не се во надлежност на Управниот одбор, а се однесуваат на раководење на Установата;
9. Предлага на Управниот одбор годишен извештај за работата на Установата;
10. Дава налози за финансиското работење на Установата;
11. Одлучува за потребата за засновање на работен однос, распоредување на работниците и за престанок на работниот однос;
12. Одлучува за почеток и завршеток на работното време на работниците и одмор во тек на работното време;
13. Го организира информирањето на работниците; и
14. Обезбедува мерки за заштита на работата;
15. Формира стручен колегиум и именува одговорни лица во секторите;
16. Разгледува сугестии и забелешки на Синдикатот во остварување на правта на работниците,нивната материјална положба и условите за работа.

***- Постапка за избор на директор***

**Член 26**

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование утврдено со статутот на установата ;
4) има минимум 5 години работен стаж во областа на културата или 5 години работно искуство на работа или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
5) има еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од 5 години :
- ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода,
-ИЕЛТС (IELTS) најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) ( Cambridge English: Legal)- најмалку Б2 (B2) ниво
- ФЦЕ ( FCE) ( Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода или,
- АПТИС (APTIS) –најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 27**

Директор на Установата се избира по пат на јавен оглас што се објавува преку средствата за јавно информирање, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор.

Огласот го распишува Градоначалникот.

Кандидатите ги доставуваат потребните документи согласно огласот до Управниот одбор на Установата.

Кандидатите за директор задолжително доставуваат своја Предлог-програма за развој на установата.

**Член 28**

Пристигнатите документи ги разгледува трichлена комисија формирана од Управниот одбор на Установата.

Комисијата е должна во рок од пет дена од завршувањето на огласот да ги разгледа доставените документи.

Комисијата доставува предлог на кандидати до Градоначалникот.

Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

**Член 29**

Кандидатите кои не се избрани имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор на Установата, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на Градоначалникот. Жалбата се поднесува до Второстепената комисија на Владата на Република Северна Македонија надлежна за решавање на прашања од областа на работните односи.

Против одлуката на комисијата од претходниот став, кандидатот има право да поведе постапка пред надлежниот суд.

*- вршител на должност директор*

**Член 30**

Во случај кога не е избран директор или мандатот му престанал пред време, Градоначалникот веднаш именува вршител на должноста директор, без оглас, од редот на вработените.

Вршителот на должноста директор се именува за време до изборот на директор на Установата, а најдолго за шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Установата.

*- престанок на мандатот*

**Член 31**

Директорот на Установата може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран.

Директорот може да биде разрешен:

1. На лично барање;
2. Ако не ја остварува Програмата за работа на Установата;
3. Ако по негова вина е нанесена штета на Установата и
4. Ако не работи во согласност со Закон, Статут и во други случаи предвидени со Закон.

***3. Надзорен одбор***

**Член 32**

Надзорниот одбор е орган за вршење контрола на материјално-финансиско работење на Установата.

Надзорниот одбор на Установата е составен од три члена кои ги именува, односно разрешува Советот на Град Скопје.

**Член 32-а**

За членови на Надзорниот одбор на Установата се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во Установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од областа на културата.

**Член 32-б**

За член на Надзорниот одбор во Установата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на културата, и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 1 на овој член, членовите на Надзорниот одбор на Установата треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финасиското работење,
- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи и
- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на културата.

Во постапката за именување на членови на Надзорниот одбор во Установата соодветно се применуваат одредбите од член 21–в од овој Статут, кои се однесуваат на постапката за именување на членови на Управниот одбор на Установата.

**Член 32-в**

Надзорниот одбор има претседател кој го именува и разрешува Советот на Град Скопје

Претседателот и членовите на Надзорниот одборна Установата се именуваат завреме од четири години и може повторно да бидат именувани.

**Член 32-г**

Претседателот и членовите на Надзорниот одбор на Установата, за секоја седница на Надзорниот одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина од една третина од просечната нето-плата на вработените во Установата исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член, со одлука го утврдува Советот на Град Скопје.

***4. Стручен колегиум***

**Член 33**

Во Установата се формира стручен колегиум.

Стручниот колегиум го сочинуваат секретарот, раководителите и директорот на Установата.

Во зависност од темата за дискусија можат да бидат повикани и други вработени и надворешни лица.

Стручниот колегиум ги разгледува програмите и извештаите за работата на Установата, предлага нови форми за работа и се грижи за квалитетот на програмата.

## IX. Права од работен однос

**Член 34**

Законите и прописите за работни односи, за здравствено, за пензиско и за инвалидско осигурување, Колективниот договор за култура и другите законски акти соодветно се применуваат на работниците во установата.

Правата и обврските од работен однос работниците во нив ги остваруваат како во единствена организација.

Работен однос, односно стручна работа се заснова со склучување договор за работа меѓу работникот и директорот на установата

Директорот врши распоредување на работниците согласно актот за систематизација.

Уметничка, односно стручна работа во установата може да се врши и со склучување авторски односно изведувачки или друг договор на директорот со уметникот, со самостојниот уметник или со друго физичко лице.

**Член 35**

При вработувањето во установата, задолжително се применуваат критериумите и принципите со кои се обезбедува соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

## X. Имот, финансирање и планирање

**Член 36**

Управниот одбор на Установата, на предлог на директорот, донесува финансов план на Установата.

Директорот на Установата е одговорен за навремено изготвување и примена на финансовиот план на Установата.

**Член 37**

Установата располага и ги користи имотот и основните средства во согласност со Закон, Статут и другите општи акти на Установата.

Имотот и основните средства од став 1 на овој член се во сопственост на Град Скопје.

**Член 38**

Установата одговара за зачувување на интегралната вредност на основните средства и е должна :

- да ги употребува и да ги одржува според техничките услови;
- да го надомести неотпишаниот дел од вредноста, ако средствата физички се потрошени или расходувани пред истекот на рокот за отпис.

**Член 39**

Основните средства со кои управува Установата може да ги оттуѓи под услови и во постапка утврдени со Закон.

За оттуѓување на основните средства одлучува Советот на Град Скопје во согласност со Закон.

**Член 40**

Установата најмалку еднаш годишно врши попис на основните средства со кои располага и управува.

## XI. Постапка за донесување на статут и други акти во установата

**Член 41**

Статутот и општите акти на Установата ги донесува Управниот одбор на седници со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Одредбите за донесување на Статутот се применуваат и во постапката за измена и дополнување на Статутот.

**Член 42**

Согласност на Статутот на установата дава Советот на Град Скопје.

## XII. Преодни и завршни одредби

**Член 43**

Јавната установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје, Република Северна Македонија е правен следбеник на Библиотеката „Браќа Миладиновци“ ЦО Скопје, формирана на 01.07.1974 год. , преку спојување со одлука бр. 02-53 од 18.02.1974 година, донесена од Советот на Градската библиотека “Браќа Миладиновци” Скопје,

- Одлука број 5 од 18.02.1974 година, донесена од Советот на Библиотеката “Цветан Димов" Скопје,
- Одлука број 14 од 18.02.1974 година, донесена од Советот на Библиотеката “Страшо Пинџур” Скопје и
- Одлука број 10 од 18.02.1974 година, донесена од Библиотечната управа на библиотеката “Идадија” Скопје,

Одлуките од став 1 на овој член се потврдени со Решение број 07-5622 донесено од Советот на општината на град Скопје на 28.02.1974 година (“Службен гласник на град Скопје” број 13/74) .

Библиотеката е запишана во судскиот регистар при Основниот суд Скопје I во Скопје, со решение Фи бр. 571/74 од 01.07.1974 година.

**Член 44**

Со влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на установата од 12.01.2006 година и одредбите на другите општи акти, што се во спротивност со одредбите на овој Статут.

**Член 45**

Овој Статут влегува во сила, осмиот ден од денот на неговото објавување на Огласна табла на Установата, а ќе се применува по добивањето на согласност од Советот на Град Скопје.

Скопје, 29 ноември 2022 година

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Игор Настоски